Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

# КЛИМАТСКИ ФИНАНСИИ

## БРОШУРА





## ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

**Климатските промени предизвикуваат значителна еколошка, социјална и економска штета ширум светот и претставуваат голем пречка за развојот, и сега и во иднина. Најголемите влијанија ги чувствуваат земјите во развој, кои впрочем и не придонеле за создавање на овој проблем. Потребно е да се спроведуваат активности и за ублажување на климатските промени, но и за приспособување на заканите предизвикани од климатските промени.**
**За сето ова да се спроведе, потребни се финансиски средства. Иако постојат механизми што на земјите во развој им обезбедуваат средства за адаптација и ублажување, овие механизми сами по себе веројатно нема да бидат доволни.**

**Средствата доделени за климатски промени на меѓународно ниво се очекува значително да се зголемат во наредните години. Сепак, за ефективно да се одговори на климатските промени, потребен е ангажман на сите институции, како и вклучување на јавниот и на приватниот сектор.**
**Исклучително важно е да се вклучат институциите коишто вршат планирање и оние коишто обезбедуваат финансии, како и другите ресорни министерства, за целосно интегрирање на климатските промени во целокупната развојна стратегија на државата. Следењето на јавните трошоци поврзани со климатските промени е првиот чекор за нивна интеграција во процесот на планирање и спроведување на националниот буџет, со што ќе се овозможи сеопфатен одговор на предизвиците што ги носат климатските промени. [1]**

## СЛЕДЕЊЕ НА КЛИМАТСКИТЕ ФИНАНСИИ СПОРЕД РАМКОВНАТА КОНВЕНЦИЈА НА ООН ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ (УНФЦЦЦ)

**УНФЦЦЦ, Протоколот од Кјото и Договорот од Париз ги повикуваат развиените држави со повеќе финансиски ресурси да им помогнат на оние што се во полоша финансиска состојба или се поранливи. Овие средства се потребни за ублажување на климатските промени, бидејќи се потребни големи инвестиции за значително намалување или понирање на емисиите. Климатските финансии се еднакво важни и за процесот на адаптација, имајќи предвид дека значителни финансиски ресурси се потребни за да се приспособиме на негативните ефекти и да ги намалиме влијанијата од климата што се менува. [2]**

[1] Критериуми за утврдување на програми/проекти/активности поврзани со климатските промени и најсоодветна методологија за редовно собирање податоци и информации за национални/локални ресурси наменети за климатски промени (2019)
[2] https://unfccc.int/topics/climate-finance/the-big-picture/introduction-to-climate-finance

## ЗОШТО ДА СЕ СЛЕДАТ КЛИМАТСКИТЕ ФИНАНСИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА?

Како земја што не потпаѓа под Анекс I од УНФЦЦЦ и како на Договорот од Париз, Република Северна Македонија добива финансиска помош за подготовка на извештаите до Конвенцијата. Следењето и контролирањето на климатските финансии во земјата значи следење на средствата обезбедени на локално, национално или меѓународно ниво, од јавни, приватни и други извори на финансирање, со цел да се спроведат активности за ублажување и адаптација на климатските промени. На овој начин ќе знаеме колку финансиски средства поврзани со климатски промени добила државата и колку инвестирала од својот буџет. [3]

Постојат повеќе придобивки од следењето на јавните финансии наменети за климатски промени: [4]

- Го подобрува разбирањето на улогите и одговорностите на институциите и нивната координација во спроведувањето на климатските активности.
- Ги зајакнува капацитетите на засегнатите страни да подготвуваат поинформирани политики за справување со климатските промени, притоа остварувајќи економски, социјални и родови придружни придобивки.
- Овозможува оценување на националниот одговор на климатските промени преку стратегиите за климатски промени, акциските планови и секторските политики и нивните врски со јавните расходи.
- Тоа е алатка за планирање и следење на потребните инвестиции со цел поефективно постигнување на националните приоритети и цели (вклучително и на Националните придонеси – NDC).
- Обезбедува транспарентност и отчетност на јавните трошоци за климатските активности.
- Служи како почетна точка за зајакнување на меѓуинституционалната координација, особено за вклучување на министерствата за финансии и планирање, како и вклучување на приватниот сектор, граѓанското општество и развојните партнери.



[3] Постапки за следење на климатските финансии – нацрт-извештај
[4] Критериуми за утврдување програми/проекти/активности поврзани со климатските промени и најсоодветна методологија за редовно собирање податоци и информации за национални/локални ресурси наменети за климатски промени (2019)



## КОИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ГИ ИМА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ВРСКА СО КЛИМАТСКИТЕ ФИНАНСИИ?

Република Северна Македонија не потпаѓа под Анексот I на УНФЦЦЦ и нема квантифицирани обврски за намалување на емисиите на стакленички гасови. Како земја кандидатка за членство во Европската Унија (ЕУ), таа мора да се придржува кон политиката на ЕУ за енергија и клима, кои вклучуваат квантифицирани обврски за државите што потпаѓаат под Анекс I.Република Северна Македонија, во своите извештаи за климатските промени, доброволно ги интегрира своите обврски кон УНФЦЦЦ и кон ЕУ. Како земја што не е во Анекс I, секои две години е должна да известува за:

- Меѓународната поддршка за климатски активности добиена од билатерални и од мултилатерални извори.
- Домашните ресурси потрошени на климатски активности.

За повеќе информации во врска со правната, стратешката и институционалната рамка на земјата за климатските промени на национално ниво, меѓународните договори што земјата ги има усвоено, како и интеграцијата на климатските промени во секторските политики и националното известување, погледнете ја Општата брошура и / или посетете го овој линк.

# КЛИМАТСКИ ФИНАНСИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 2018 – 2019 ГОДИНА [5]

Изворите од кои се обезбедуваат средства за спроведување на активностите поврзани со климатски промени може да се класифицираат во четири различни категории:[6]

**БИЛАТЕРАЛНИ ФИНАНСИИ** коишто доаѓаат од донаторска земја во различни форми: преку индивидуални донатори, преку донаторски агенции, директно во форма на официјална развојна помош (ОДА) и преку билатерални финансиски институции

**МУЛТИЛАТЕРАЛНИ ФИНАНСИИ** поддршката обезбедена од повеќе земји/субјекти што се канализираат преку единствена донаторска агенција

**ДОМАШНИ ЈАВНИ ФИНАНСИИ**

**ФИНАНСИИ ОД ПРИВАТНИОТ СЕКТОР**

Третиот двогодишен извештај за климатски промени дава преглед на поддршката добиена во 2018 и 2019 година. Извештајот „Финансиска, технолошка, техничка и поддршка за градење капацитети добиени од меѓународни изводи и домашни финансиски ресурси за активности за одговор на климатските промени во Република Северна Македонија во периодот 2018 – 2019 година“ (2019) дава преглед на добиената поддршка, каналите преку коишто е добиена (билатерални, мултилатерални или други), видот на финансирање (грант, кредит, капитал итн.), секторската структура во која е насочена помошта, целта на финансирањето (ублажување, адаптација или комбинација од двете) и во која мера се специфични или релевантни за климатските промени. Специфични проекти се оние кои специфично се осврнуваат на климатските промени. Релевантни се проекти што не се само поврзани со климатски проекти, туку коишто, меѓу другото, ќе доведат и до климатски придобивки, било за ублажување било за адаптација.

## МЕЃУНАРОДНА ПОДДРШКА

Генерално, најголемиот дел од добиената поддршка е наменета за финансирање проекти за ублажување. Вкупниот износ на добиената поддршка е далеку од доволен за да ги задоволи потребите од активности за ублажување и адаптација со фокус врз климатските промени. Анализата на финансиската, технолошката, техничката поддршка и поддршката за градење капацитети добиена од меѓународни извори покажува дека во периодот 2018 и 2019 година имало вкупно 38 проекти поврзани со климатски промени што се финансирани од меѓународни извори. Поддршката која државата ја добила во периодот 2018 – 2019 година се проценува на 25,14 милиони УСД. 21 од спроведените проекти се специфично насочени кон климатските промени и за нив се одвоени 15,6 милиони УСД, што е 62 % од вкупниот износ. Останатите 17 проекти со вкупна вредност од 9,5 милиони УСД, или 38 %, се релевантни за климатските промени. Државата исто така доби непарична поддршка во форма на техничка поддршка, технолошка поддршка и поддршка за градење капацитети. Во оваа категорија регистрирани се 14 проекти.



[5] Извештај за Добиена финансиска, технолошка и поддршка за градење на капацитети (2019)
[6] Финансиска, технолошка, техничка и поддршка за градење капацитети добиени од меѓународни изводи и домашни финансиски ресурси за активности за одговор на климатските промени во Република Северна Македонија во периодот 2018-2019 година

**НАЈГОЛЕМА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА Е ДОБИЕНА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА.**
Најголемиот дел од средствата (54 %) се од фондовите за прекугранична соработка на инструментот на ЕУ за претпристапна помош (ИПА). Овие средства им овозможија на многу општини, невладини организации и министерства да спроведат проекти, особено поврзани со енергетската ефикасност, и со тоа да придонесат во глобалната борба за намалување на емисиите на стакленички гасови и ублажување на негативните ефекти од климатските промени врз животот на луѓето. Вториот најголем давател на поддршка е Глобалниот фонд за животна средина (19 %).

**РЕЧИСИ ЦЕЛАТА ПОДДРШКА (98,8 %) Е ВО ВИД НА ГРАНТ,** а само 1,2 % (0,3 милиони УСД) се во форма на заем. Поддршката во форма на заем ќе се зголеми во блиска иднина, бидејќи АД Електрани на Северна Македонија доби два големи заеми од Германската банка за развој. Средствата се наменети за финансирање два големи енергетски проекти за ублажување на климатските промени: првиот за централно греење во Битола, Могила и Новаци (39 евра милиони од Германската банка за развој и 7,3 милиони евра од самата компанија); и вториот е за проширување на паркот на ветерници во Богданци (18 милиони евра од Германската банка за развој и 3 милиони евра средства од компанијата).

## ДОМАШНИ СРЕДСТВА

На национално ниво, сè уште недостасуваат соодветни податоци, што го отежнува извршувањето прецизна и релевантна проценка на климатските финансии. Сепак, очигледно е дека Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) е еден од најголемите реализатори на проекти за климатски промени на национално ниво, кои се финансирани од меѓународна билатерална и мултилатерална поддршка.

На локално ниво, Град Скопје е единствен пример на локлна самоуправа која издвојува значителни средства од својот буџет за климатски промени, што укажува на силната посветеност на Градот Скопје во борбата со климатските промени. Климатските финансии на Градот се зголемуваат од година во година и во 2019 изнесуваат 3.305.869 САД$ и претставуваат 5,17% од вкупните расходи во сопствениот буџет.

## КЛУЧНИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА НАЦИОНАЛНОТО ФИНАНСИРАЊЕ ПОВРЗАНО СО КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

И покрај потребата државите да развијат процедура на национално ниво за следење и контрола на климатските финансии, од која ќе имаат и придобивки, оваа задача не е толку лесна:

- Постои двосмисленост во дефинициите за тоа што е активност која е релевантна за климатски промени.
- Јавните средства доделени за климатски промени секогаш не поминуваат низ буџетскиот систем и затоа не се прикажуваат во системите за известување (на пример, инвестиции од страна на јавните комунални претпријатија)
- Евиденцијата за средствата искористени за климатските промени честопати не е доволно детална за да може да се идентификува компонентата што е релевантна за климатските промени. Поради сето ова, не постои институционализиран механизам за идентификацијата на јавните средства искористени за климатски активности.
- Податоците за реалните расходи од буџетот (за разлика од алоцираните средства) честопати не се веднаш достапни.
- Меѓународните извори на средства за климатските промени (грантови, заеми, акции; гаранции итн.) не се координирани/надгледувани од еден субјект или систем, што го отежнува нивното следење.
- Приватните средства тешко се следат бидејќи нема обврска за пријавување на ваквите трошоци.
- Владите и другите меѓународни чинители обично не сакаат да известуваат за негативните или за таканаречените „кафени“ финансии (инвестиции во технологии кои користат фосилни горива).







# ПРЕПОРАКИ

Да се воведе законска обврска за вклучување и соработка меѓу институциите за планирање и финансии, заедно со другите ресорни министерства што ги интегрираат климатските промени во целокупната национална развојна стратегија. Следењето на јавните трошоци за климата е првиот чекор за интеграција на климатските промени во националниот буџет и во процесот на планирање.

Да се спроведе проценка за климатските финансии во Република Северна Македонија користејќи ја методологијата на Рио-маркерите на OECD DAC, коишто се прифатени и применети од земјите членки на ЕУ. Кога Република Северна Македонија ќе стане членка на ЕУ, таа автоматски ќе преземе обврски да даде поддршка за климатска акција во недоволно развиените земји и да примени построги критериуми за известување. [7]

Да се утврдат критериумите за утврдување на програмите/проектите/активностите што се поврзани со климатските промени и најсоодветната методологија за редовно собирање податоци и информации за националните/локалните ресурси наменети за климатските промени. Поконкретно, Република Северна Македонија треба да го воспостави процесот на доделување јавни средства за климатски активности (Public Climate Budgeting), и тоа на следниов начин:

**01** ДА СЕ ПОДГОТВИ АКЦИСКИ ПЛАН, СТРАТЕГИЈА И СИСТЕМ ЗА БУЏЕТИРАЊЕ КЛИМАТСКИ АКТИВНОСТИ

**02** ДА СЕ ДИЗАЈНИРА РАМКАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

**03** ДА СЕ ПОДГОТВИ ПРИРАЧНИК ЗА БУЏЕТИРАЊЕ НА КЛИМАТСКИ АКТИВНОСТИ

**04** ДА СЕ СПРОВЕДАТ ОБУКИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И БУЏЕТИРАЊЕ НА КЛИМАТСКИ АКТИВНОСТИ

**05** ДА СЕ СПРОВЕДЕ АНАЛИЗА НА КЛИМАТСКИТЕ ПОЛИТИКИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**06** ДА СЕ СПРОВЕДЕ АНАЛИЗА НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕТО АКТИВНОСТИ ШТО СЕ ОДГОВОР НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

[7] Финансиска, технолошка, техничка и поддршка за градење капацитети добиени од меѓународни изводи и домашни финансиски ресурси за активности за одговор на климатските пормени во Република Северна Македонија во периодот 2018 – 2019 година.

**Овој документ е подготвен во рамки на проектот „Зајакнување на институционалните и технички капацитети за подобрување на транспарентноста за климатски промени во рамките на Договорот од Париз“, кој се спроведува со финансиска и техничка поддршка на ГЕФ и УНДП.**